РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-190/7
02.01 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 43 седница одржана на 27.11.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Безбедност при работа“ втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за технички науки - Скопје при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје**

1.Се акредитира студиската програма „Безбедност при работа“ втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за технички науки - Скопје при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по безбедност при работа/во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Occupational Safety.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија; Научно – истражувачко поле: 2.03 Машинство, 2.07 Инженерство на животна средина, Научно – истражувачка област: 2.03.00.04 Моторни возила, 2.03.00.10 Термичко и енергетско, инженерство, 2.03.00.11 Енергетика и животна средина, 2.03.00.13 Механика, 2.03.00.16 Индустриско инженерство и менаџмент, 2.03.00.17 Друго, 2.07.01.01 Инженерство за заштита на животна средина, 2.07.01.02 Инженерство на работна средина, 2.07.01.06 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 25 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02-99/3 од 30.01.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Безбедност при работа“ втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за технички науки - Скопје при Универзитет „Мајка Тереза“ - Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-114/1 од 29.01.2025 година (наш бр. 08 - 190/1 од 31.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 23-та седницата одржана на 17.02.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 190/6 од 28.11.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43-та седница одржана на 27.11.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Маријан Ѓуровски